Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 237//0306
25.04 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 10.04.2025 година, врз основа на примена жалба од **Искра Хаџи Василева,** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Обвинителката Хаџи Василева под обвинение за корупција / Се обвинува за притисоци и мито во судски процеси“ (Prokurorja Haxhi Vasileva nën akuzë për korrupsion/ Akuzohet për presion dhe ryshfet në proceset Gjyqësore)**, објавен на онлајн медиумот Алмакос (almakos.com)**,** на 31.03.2025 година, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката на 17.03.2025 г. до СЕММ упати жалба за текстот со наслов „Обвинителката Хаџи Василева под обвинение за корупција / Се обвинува за притисоци и мито во судски процеси“ (Prokurorja Haxhi Vasileva nën akuzë për korrupsion/ Akuzohet për presion dhe ryshfet në proceset Gjyqësore), објавен на онлајн медиумот Алмакос (almakos.com), на 31.03.2025, при што се жали на неточно информирање, со што се прекршени повеќе членови од Кодексот на новинари на Македонија.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува: „Во непотпишаниот текст се споменуваат наводни пријави против мене, се изнесуваат целосни невистини во поглед на мојата имотна состојба, но се инсинуира и со наводни приватни релации без никаква основа или доказ. Нагласувам дека во ниту еден момент не сум консултирана ниту е побарана изјава од мене како втора страна. Впрочем, во текстот не е наведена ниту првата страна на чии наводи се темелат ваквите груби невистини. Со тоа практично ми е оневозможено да реагирам во моја заштита, а граѓаните немаат никаква можност да ја проверат ‘кредибилноста’ на наведените извори“.
Во жалбата е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Обвинителката Хаџи Василева под обвинение за корупција / Се обвинува за притисоци и мито во судски процеси“ (Prokurorja Haxhi Vasileva nën akuzë për korrupsion/ Akuzohet për presion dhe ryshfet në proceset Gjyqësore), објавен на онлајн медиумот Алмакос (almakos.com), на 31.03.2025 година, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што грубо се прекршени членовите 1, 8 и 16 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој третира прашање што е од јавен интерес, односно прашање поврзано со работата на јавна обвинителка од Скопје што постапувала по голем број судски предмети познати во јавноста. Комисијата утврди дека во текстот, повикувајќи се на наводна пријава/претставка, жалителката се обвинува дека вршела закани и притисоци, односно се тврди дека повикувала луѓе на информативен разговор, барајќи од нив да дадат изјави против судии од Апелациониот суд. Наводно, сакала тие луѓе да изјават дека тие судии земале поткуп. Тоа го правела за да им се одмазди на судиите кои суделе во случајот Жан Митрев, бидејќи таа како обвинителка „го испратила" во притвор, но Апелациониот суд ја укинал мерката притвор и ја прифатил гаранцијата. Освен тоа, во текстот има и други тешки обвинувања за местење случаи, пренасочување на вниманието на јавноста, обвинувања за земање поткуп, како и за непрофесионално и неморално однесување.

Комисијата најпрво заклучи дека изворот на кој медиумот се повикува во текстот не може со сигурност да се утврди, ниту пак е јасно, доколку навистина постои пријава/претставка, до кого точно била упатена. Покрај ова, Комисијата констатираше дека жалителката е во право дека е нарушено правилото за сеопфатно известување, односно давање можност и на другата страна да го изнесе своето гледиште. Во текстот воопшто не е пренесен ставот на обвинителката, ниту пак медиумот навел дека направил напор да ја побара, што е регулирано во член 1 од Кодексот.

Бидејќи станува збор и за изнесување обвинувања за неморално однесување, како и обвинувања за наводно земање поткуп, местење случаи, и др., Комисијата заклучи дека се прекршени и членовите 8 и 16 од Кодексот, кои упатуваат на правилото за почитување на презумпцијата на невиност (дури и ако пријавата/претставката навистина постои) и избегнување на сензационализам во известувањето (член 8), како и на правилото според кое медиумот не смее да се употребива за пресметка со личности.

Поради овие причини Комисијата едногласно заклучи дека со објавениот текст медиумот грубо ги прекршил членовите 1, 8 и 16 од Кодексот на новинарите на Македонија:

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 8**

Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми. Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда.

**Член 16**

Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595